Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) објавува јавен повик за доделување на **Грантови за брз одговор**. Повикот е во рамки на програмата „ Граѓаните против корупцијата
“ (ГПК) финансирана од Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД/Северна Македонија.




Целта на повикот за грантови за брз одговор е да се преземат итни, вклучувачки и влијателни акции за актуелни потреби и предизвици поврзани со корупцијата.

Во овој повик се преферира предложените акции и интервенции поврзани со корупција да се однесуваат на претстојните претседателски и парламентарни избори во Република Северна Македонија. Сепак не се исклучува можноста за доставување на апликации кои предвидуваат акции за брз одговор за други области подложни на корупција.

Повикот е индивидуален, отворен за сите регистрирани граѓански организации и мрежи на граѓански организации како и за неформални мрежи.

**Минимален износ** за кој може да се достави апликација е **224.000 денари ($4.000)**, додека **максимален износ е 560.000 денари ($10.000)**. Ќе бидат поддржани апликации кои **траат минимум 2 месеци и максимум 5 месеци**.

**На овој повик се аплицира по електронски пат.** Апликантите најпрвин мора да креираат профил на платформата: **www.grants.mk** (преземи **Водич за креирање профил**).

**Краен рок за поднесување на апликациите 4 март 2024 г. до 13:00 часот (македонско време).**

За подетални информации во врска со повикот за Грантови за брз одговор, организираме **онлајн информативна сесија** на **20 февруари (вторник) во 12:00 часот**! **Регистрирај се** тука: **https://forms.office.com/e/LiJBfj473N?origin=lprLink**

Целокупните информации во однос на целите и очекуваните резултати од повикот, условите за аплицирање, подобните активности и начинот на аплицирање може да ги најдете во **Упатството за аплицирање**.

Целосната апликација за овој повик вклучува пополнување и прикачување на grants.mk на:

- **Формулар за аплицирање** (word document)
- **Буџет и оправданост на буџетот** (excel document)
- **Изјава на апликантот** (со печат и потпис – pdf document)
- Само во случај кога апликант е неформална мрежа - **Согласност на членките на мрежата, конкретна членка да аплицира во име на неформалната мрежа**
(со печат и потпис – pdf document)

Заинтересираните организации може да поставуваат прашања поврзани со повикот за Грантови за брз одговор на следната адреса: gpk-grants@mcms.mk

## Прашања и одговори за Повикот

- Prashanja_i_odgovori_za_Grantovi_za_brz_odgovor.pdf